РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН 3 (ReLOaD3)

Насоки за граѓански организации за Јавниот повик за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3) во партнерство со општина Центар

Целта на овие насоки е да дадат јасни и концизни инструкции за сите потенцијални подносители на апликации во рамки на јавниот повик за граѓански организации.

1. ОПИС НА ReLOaD3 ПРОГРАМАТА

Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3) е продолжение на партнерството на ЕУ-УНДП и претходно поддржаните иницијативи ReLOaD1 и ReLOaD2 што се спроведоа во период 2017-2024 год.

Основна цела на ReLOaD3 прогарамта е јакнење на партнерствата меѓу општинските власти и граѓанското општество преку создавање на поповолна средина за граѓанските организации (ГО) , со поддршка на транспарентно јавно финансирање, поттикнувачка правна рамка, како и зголемено граѓанско учество во креирањето, спроведувањето и следењето на јавните политики.

ReLOaD3 започна на 1 февруари 2025 и до 31 јануари 2029 ќе се спроведува во 5 општини: Аеродром, Берово, Кавадарци, Центар и Штип.

2. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ И ПОДОБЛАСТИ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предлог проектите кои ќе бидат поднесени во рамките на јавниот повик треба да придонесат кон обезбедување подобри услуги за локалната заедница и да придонесат кон остварување на една или повеќе подприоритетни цели на општина Центар. Приоритетните области беа потврдени преку јавна дебата која беше одржана на 30 септември 2026 година.

За овој јавен повик, приоритетни области за општина Центар се:

1. КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

1.1 Активности за едукација, промоција и зачувување на традиционални културни вредности преку иновативни алатки за трансфер на вредности и дигитализација со цел зачувување на духот и културното наследство на општината.

1.2 Поттикнување на алтернативен туризам преку промоција на традиционално занаетчиство, модерни занаети, културен туризам и еко туризам.

2. МЛАДИ

2.1 Активности за стекнување и развој на вештините кај младите кои не се дел од формалното образование за нивно зголемено вработување / самовработување;

2.2 Поддршка на млади од ранливните категории семејства за зајакнување на нивното физичко, ментално и бихејвиорално здравје и поддршка на деца и млади во судир со закон;

3. ЖИВОТНА СРЕДИНА

3.1 Промовирање на отворени јавни простори за реализација на културни, едукативни и рекреативни активности на граѓаните од општината.

3.2 Подигнување на еколошката свест на граѓаните за одржување на чистотата на отворените јавни простори.

3.3 Поддршка на проекти за превенција и постапување при природни непогоди, пожари, климатски и еколошки ризици и други несреќи од локално значење.

3. КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА?

Јавниот повик е отворен за сите граѓански организации кои се формално регистрирани во Северна Македонија согласно со важечката законска регулатива (Закон за здруженија и фондации). Граѓански организациии регистрирани на територијата на општина Центар се водечки организации, а ГОи регистрирани во другите општини од земјата можат да учествуваат на овој повик само доколку аплицираат во партнерство со ГОи регистрирани на територијата на општина Центар. Ако проектот вклучува повеќе од една ГО, потребно е да се приложи потпишана и со печат заверена Изјава за партнерство.

Важно: Подносителите на пријава мора да достават важечка потврда/решение за регистрација на организацијата во земјата (за носителот на проектот и евентуални партнери) кој е задолжителен документ.

Овој јавен повик не се однесува на подружници/канцеларии на меѓународни здруженија и фондации и други меѓународни непрофитни организации кои се регистрирани за работа во Северна Македонија.

Во проектот може да бидат вклучени и други организации и/или институции (на пр: училишта, детски градинки, музеи, итн.). Таквите организации – соработници мора да имаат своја конкретна улога во имплементацијата на активностите, но не може да бидат примателиа на грант.

4. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОВИКОТ

LOT 1 во рамките на јавниот повик е наменет за граѓански грасрут (eng. grassroot) организации кои досега немале искуство во реализација на проекти чиј буџет ги надминува износите предвидени со овој ЛОТ.

ЛОТ 2 и ЛОТ 3 во рамките на јавниот повик се наменети за граѓански организации кои веќе имаат искуство во подготовка и реализација на проекти, како и капацитети за управување со посложени проекти, вклучувајќи административни, финансиски и програмски аспекти.

Препорака е на **ЛОТ 3** да се пријават ГОи кои имаат развиени капацитети за реализација на проекти од стратешко значење и кои во своите проектни пријави нудат решенија за конкретни предизвици во заедницата.

	ВРЕДНОСЕН ПРАГ	ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ
ЛОТ 1 минимум **50 поени**	**150,000–307,000 МКД**	**Задолжителна документација:** 1. Проектен предлог 2. Предлог буџетот 3. План на активности и промоција 4. Решение за регистрација на ГО и/или Тековна состојба не постара од 6 месеци **Дополнителна документација** • Изјава за партнерство, доколку е применливо • Кратки биографии од предложениот тим; • Биланс на состојба и биланс на успех за 2025 година • Статут на организацијата – подносител на пријавата и на партнерите; • Формулар со административни и финансиски податоци за подносителите на пријавата; • Изјава за подобност; • Изјава за двојно финансирање; • Годишен наративен извештај на организацијата за 2025 доколку е изготвен.
ЛОТ 2 минимум **65 поени**	**307,001–615,000 МКД**	**Задолжителна документација:** 1. Проектен предлог 2. Предлог буџетот 3. План на активности и промоција 4. Логичка рамка 5. Решение за регистрација на ГО и/или Тековна состојба не постара од 6 месеци **Дополнителна документација** • Изјава за партнерство, доколку е применливо • Кратки биографии од предложениот тим; • Биланс на состојба и биланс на успех за 2025 година • Статут на организацијата – подносител на пријавата и на партнерите; • Формулар со административни и финансиски податоци за подносителите на пријавата; • Изјава за подобност; • Изјава за двојно финансирање; • Годишен наративен извештај на организацијата за 2025 доколку е изготвен.
ЛОТ 3 минимум **75 поени**	**615,001– 1,537,000 МКД**	

Дополнителните документи се составен дел од проектната документација и треба да бидат поднесени во целост за да може да се оценува предлог проектот.

5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ЛОКАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ

Проектите може да бидат со времетраење од 4 до 9 месеци (ЛОТ 1) и од 6 до 12 месеци (ЛОТ2 и ЛОТ3), и треба да се спроведат во периодот од април 2027 до крајот на април 2028 година.

Проектите мора да се спроведуваат исклучиво на територијата и за потребите на жителите на општина Центар.

6. ЕЛИМИНАТОРНИ КРИТЕРИУМИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПРЕПОРАЧАНИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Во рамките на овој Јавен повик нема да бидат поддржани активности кои не се во согласност со темите на повикот, ниту активности кои не придонесуваат за постигнување конкретни резултати во локалната заедница.

Следните проекти/активности **не се препорачани за финансирање**:

- проекти кои се исклучива придобивка на поединци или ограничен број лица а кои не придонесуваат за општиот интерес на заедницата;
- редовните активности на подносителот и/или на проектните партнери кои ги спроведуваат на редовна основа секоја година;
- поединечни спонзорства и стипендии за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси, студии или обуки.
- повремени конференции, освен доколку тие се неопходни за успешна имплементација на проектот;
- активности кои вклучуваат политичко, верско или етничко дејствување и промоција;
- активности и/или проекти кои се веќе финансирани од други извори, кои се во тек или се завршени, како и проекти кои претходно биле поддржани во рамките на претходно спроведени јавни повици;
- финансирање на активности кои се во надлежност на општината или други јавни институции;
- финансирање на активности кои веќе се спроведуваат од други организации или проекти;
- активности кои подразбираат доделување средства на други субјекти (распределба на грант на трета страна);
- доделување хуманитарна помош (хуманитарни пакети, директна парична или материјална помош);
- инфраструктурни проекти;

Дополнително да се внимава на:

- не се препорачува набавка на опрема и/или работи за реконструкција или рехабилитација (освен доколку е неопходно за успешна имплементација на проектот до максимум 30% од вкупниот буџет на проектот).
- трошоците за видливост на проектот да не се повисоки од 5% од вкупниот буџет на проектот;
- трошоците за човечки ресурси, патувања и административни трошоци, заедно да не надминат 30% од вкупниот буџет на проектот.

Доколку претходно наведените активности ја сочинуваат суштината на проектот, Комисијата за евалуација ќе го исклучи предлог проектот од понатамошната евалуација.

Комисијата за евалуација **ќе ги дисквалификува или одбие проектите** кои не се во согласност со Јавниот повик по следниве основи:

- не ги содржат сите задолжителни документи наведени во точка 4;

- водечката организација во партнерството не е регистрирана на територијата на општина Центар;
- непочитување на наведениот рок за доставување на пријавите;
- проекти кои траат пократко од или подолго од наведеното времетраење за секој ЛОТ;
- проекти чиј буџет е под минималните или над максималните вредности;
- проекти кои не се спроведуваат на територијата на општина Центар;
- проекти кои немаат континуитет во реализацијата на активностите (прекин во имплеметацијата од еден или повеќе месеци за време на траењето на проектот во кој не се планирани никакви активности);
- се предмет на конфликт на интереси - членови на граѓански организации кои се постојано или времено вработени во општината или други јавни/државни институции не можат да бидат вклучени во предлог проектите како дел од проектниот тим или на други позиции (консултанти, едукатори, обучувачи итн) освен на волонтерска основа.
- содржат лажни информации, или доколку не ги содржат бараните информации;
- направиле обид да обезбедат доверливи информации или да вршат влијание врз Комисијата за оценка во текот на процесот на оценување на предлог проектите.

7. БРОЈ НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ И ГРАНТОВИ ПО ПОДНОСИТЕЛ

Граѓанските организации можат да поднесат повеќе од еден предлог проект во општина Центар. Исто така, може да аплицираат и во другите партнерски општини на ReLOaD3 програмата (Аеродром, Берово, Кавадарци и Штип) доколку истите се во согласност со приоритетите на дадената општина и се во согласност со насоките дадени во точка 5 од јавниот повик. Максималната вкупна сума која една граѓанска организација може да ја добие (од сите добиени грантови на територијата на општина Центар или во другите партнерски општини) до крајот на ReLOaD3 програмата е 3.690.000,00 МКД.

Доколку ГО поднесе повеќе од еден предлог проект, таа е должна за секој поединечно да достави плико со побараната документација на посебено USB. Ако една граѓанска организација истовремено добие повеќе од еден проект, ќе биде направено дополнително оценување на финансиските и оперативните капацитети од страна на комисијата за евалуација на предлог проектите

8. КАДЕ И КАКО ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ И ПОДНЕСЕ АПЛИКАЦИЈАТА

Јавниот повик ќе трае од 06.11.2026 (од 09:00 часот) до 04.12.2026 (до 15:00 часот). Документацијата за јавниот повик за општина Центар може да се обезбеди од официјалната страна на општина Центар (https://www.centar.gov.mk) или УНДП МК(www.undp.org/north-macedonia).

Документацијата за јавниот повик треба да биде доставена **само во електронска форма на USB и треба да ги содржи задолжителните и дополнителните документи** наведени во табелата во точка 4. Општи информации за повикот. **Апликации на CD нема да бидат земени во предвид.**

Документацијата треба да биде испратена по препорачана пошта или лично, во запечатен плик на кој е назначено дека е за јавниот повик, во работни денови (понеделник до петок), помеѓу 09:00 и 15:00 часот, на следната адреса:

Општина Центар
Михаил Цоков бр. 1,
1000 Скопје

Апликациите кои ќе пристигнат по зададениот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е пред официјалниот краен рок. Апликациите кои ќе бидат испратени на друг начин (на пр: по факс или е-мејл) или кои ќе бидат испорачани на друга адреса **нема да бидат земени предвид**.

На надворешната страна на пликото трба да стои називот на јавниот повик за предлог проекти, целосното име и адреса на подносителот, целосното име на проектот и следните зборови: „**Да не се отвора пред официјалното отворање".**

9. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За времетраењето на јавниот повик ќе се одржи инфо сесија и еднодневна обука за граѓански организации кои ќе учествуваат на јавниот повик. **Инфо сесијата и еднодневната обука ќе се одржат на 10.11.2026 со почеток во 10:00 часот, во сала Матично во Општина Центар.**

Во текот на обуката ќе бидат договорени термините за 5 менторски средби кои ќе бидат објавени на општинската веб страна.

Доколку се потребни дополнителни информации и појаснувања за јавниот повик,прашањата може да се испратат електронски на следната е-мејл адреса: registry.mk@undp.org со **назнака за ReLOaD3 програмата** најдоцна до 30 ноември 2026. Одговорите ќе бидат испратени електронски во рок од 3 дена од приемот на барањето. Во прилог на проектната документација е и документот „Најчесто поставувани прашања" со преглед на најчесто поставуваните прашања и одговори од претходните јавни повици реализирани во рамки на програмата ReLOaD.

10. ОЦЕНУВАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ

Апликациите ќе ги разгледува и оценува Комисија за оценување која е составена од претставници од општината и претставници од УНДП ReLOaD3 тимот. На евалуацијата ќе има и претставник од граѓанска организација кој ќе биде избран на јавен повик објавен од општина Центар.

Забелешка: Граѓанската организација чиј претставник ќе присуствува на евалуацијата, не смее да поднесе предлог проект (ниту самостојно ниту во партнерство со друга организација).

Елиминаторни критериуми за селекција и доделување на средства

1. Финансиски и оперативен капацитет (елиминаторен критериум)

Со овој критериум се оценуваат капацитетите на граѓанските организации (подносителот на апликацијата и евентуалните партнери) за успешно спроведување на предложениот проект. Целта е да се утврди дали организацијата има претходно искуство, знаење, структура и ресурси потребни за ефикасна реализација на планираните активности и управување со доделените средства.

Само проекти што ќе остварат минимум 6 поени (ЛОТ 1) или 10 поени (ЛОТ 2 и ЛОТ 3) во овој дел ќе бидат понатаму оценети.

2. Релевантност (елиминаторен критериум)

Преку овој критериум се оценува степенот на усогласеност на проектниот предлог со приоритетните области на Јавниот повик. Проектот со кој граѓанските организиации аплицираат на Јавниот повик мора да биде насочен кон најмалку еден од утврдените подприоритетни

области. Исто така се вреднува јасноста во дефинирањето на целната група и нејзините потреби, како и дополнителните квалитети на проектот, односно колку тој постигнува конкретни резултати во локалната заедница.

Само проекти што ќе остварат минимум 10 поени (ЛОТ 1) или 18 поени (ЛОТ 2 и ЛОТ 3) во овој дел ќе бидат понатаму оценети.

Предлог проектите кои, согласно Табелата за бодување, остварале минимум поени во соодветните ЛОТви, ќе бидат предложени за финансирање:

- минимум 50 поени (ЛОТ 1)
- минимум 65 поени (ЛОТ 2),
- минимум 75 поени (ЛОТ 3).

11. ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Дел	**Максимален број на бодови**	**Просечен број на бодови**
1. Финансиски и оперативен капацитет	**15**	
1.1 Дали подносителот и партнерите имаат **доволно искуство во раководење со проекти**?	5	
1.2 Дали подносителот и партнерите имаат доволно професионални капацитети? (*конкретно знаење во релевантната област*)	5	
1.3. Дали подносителот и партнерите имаат **доволно капацитети за менаџмент**? (*вклучувајќи кадар, опрема и капацитети за финансиски менаџмент*)	5	
2. Релевантност	**25**	
2.1. Колку е релевантен проектот во споредба со **целта** и **еден или повеќе од под приоритетите** кои се дефинирани со јавниот повик? Белешка: 5 бода (многу добро) може да се доделат само доколку проектот се однесува на **најмалку еден од приоритетите**.	5	
2.2 Дали постои јасно дефинирање и стратешки избор на чинителите? (*крајни корисници, **целни групи***)	5	
2.3 Дали **потребите на целната група и крајните корисници** се јасно дефинирани и дали истите се правилно опфатени со проектот?	5	
2.4 Дали проектот содржи **додадена вредност** како иновативен пристап и модели на добри практики?	5	
2.5 Дали предлог проектот се застапува за **пристап базиран на правата** и дали има позитивно влијание врз ранливите групи? (*промовирање на родовата еднаквост и јакнење на жените, заштита на животната средина, меѓународна соработка, млади, итн.*)	5	
3. Методологија	**20**	
3.1 Дали **планот на активности** и предложените **активности** на логичен и практичен начин кореспондираат со целите и очекуваните резултати?	5	
3.2 Дали постои конзистентност во целосната подготовка на проектот? (*особено, дали се одразува анализата на идентификуваните проблеми, можни надворешни фактори*)	5	
3.3 Дали е задоволително **нивото на вклученост на партнерите**? Белешка: доколку нема партнери, се добива **1 бод.**	5	

3.4 Дали во проектот има вклучени **објективни и мерливи индикатори**?	5	
4. Одржливост	**25**	
4.1 Дали со предложените активности во проектот се врши **конкретно влијание** на целните групи?	5	
4.2 Дали со проектот ќе се извршат **повеќекратни ефекти**? *(вклучувајќи можност истиот проект да се примени на други целни групи или да се спроведе и на други локации и/или да се прошират ефектите од активностите или размената на информации или искуства кои се стекнати во текот на имплементацијата на проектот)*	5	
4.3 Дали очекуваните резултати од предложените активности се **институционално одржливи**? *(Дали структурите кои ги овозможуваат проектните активности ќе постојат и по завршувањето на проектот? Дали ќе постои локално „сопственишство" врз резултатите од проектот?)*	5	
4.4 **Дали се одржливи очекуваните резултати?** (*доколку е применливо, наведете го структурното влијание на спроведените активности – подобрување на законската рамка, методи, кодекс на однесување, итн.)*	5	
4.5 Дали е веројатно дека очекуваните долгорочни резултати ќе извршат влијание на локалните економски услови и/или квалитетот на живот во опфатените области?	5	
5. Буџет и исплатливост	**15**	
5.1 Дали постои задоволителен сооднос помеѓу проценетите трошоци и очекуваните резултати?	5	
5.2 Дали предложените трошоци се **неопходни** за имплементација на проектот?	5	
5.3 Буџет - Дали е јасен буџетот и дали содржи и наративен дел? (и појаснување за техничката опрема) - Дали го исполнува принципот дека административните трошоци и трошоците за вработените не можат да бидат над 30% од вкупниот буџет? - Дали буџетот е родово-сензитивен?	5	
Максимален вкупен збир на бодови	**100**	

12. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДЛУКАТА

Откако Комисијата за евалуација ќе ги оцени пристигнатите апликации, извештајот од евалуацијата ќе биде доставен до Одборот на партнери на ReLOaD3 програмата, кој потоа ќе донесе конечна одлука за финансирање на проектите. Одборот на партнери на ReLOaD3 е составен од претставници на Делегацијата на ЕУ во Северна Македонија, УНДП, Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС и претставник од Советодавната група на проектот. **Одлуката на Одборот на партнери на ReLOaD3 е конечна и по истата не може да се поднесуваат жалби.**

Резултатите од Јавниот повик ќе бидат објавени на веб-страниците на општина Центар (https://www.centar.gov.mk) и УНДП МК https://www.undp.org/north-macedonia, во рок од 45 работни дена од затворањето на Јавниот повик (освен во случај на непредвидени околности).

Само организациите чии апликации се избрани за финансирање ќе бидат известени по писмен пат.

Општината и УНДП го задржуваат правото да не ги доделат расположливите средства доколку предложените проекти не ги исполнуваат зададените критериуми.

13. ЛИСТА НА АНЕКСИ

Анекс 1 Предог проект

Анекс 2 Преглед на буџетот и план за трошоци

Анекс 3 План на активности и видливост

Анекс 4 Логичка рамка (за ЛОТ 2 и ЛОТ 3)

Анекс 5 Формулар со административни податоци за подносителот

Анекс 6 Формулар со финансиски податоци за подносителот

Анекс 7 Изјава за подобност

Анекс 8 Изјава за двојно финансирање

Анекс 9 Цели на одржлив развој

Анекс 10 Насоки за подносители (ЛОТ 1, ЛОТ 2 и ЛОТ 3)

Анекс 11 Најчесто поставувани прашања